Според податоци наведени во Белата листа на приоритети на општина Штип и во Планот за јавни набавки на општина Штип за 2011 година, може да се констатира дека во Планот за јавни набавки за 2011 година се опфатени следните иницијативи и идеи наведени од учесници на дебатата:

- Изградба на брана на реката Отиња, уредување на кејот на реката Отиња; поставување на платформа за паркинг простор во соработка со Макпромет преку принципот на јавно – приватно партнерство

За реализација на овие приоритети во планот за јавни набавки може да се идентификуваат повеќе постапки кои треба да се спроведат во 2011 година, меѓу кои:

**III. Договори и рамковни спогодби за јавна набавка на работи**

**Очекуван почеток на постапката (месец)**

**Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)**

**Вид на постапка**

Уредување на речното корито на р.Отиња

Август 2011

36.825.433,00

Отворена постапка

Изградба на мостови-паркинзи на р.Отиња

Август 2011

47.609.756,00

Отворена постапка

Санација на постојните мостови на р.Отиња

Јули 2011

3.388.736,40

Отворена постапка

---

- Отпочнување на постапката за приклучување на населбата Чардаклија на канализационо – колекторскиот систем, решавање на имотно – правните односи

За реализација на овој приоритет во планот за јавни набавки може да се идентификуваат повеќе постапки кои треба да се спроведат во 2011 година, меѓу кои:

**III. Договори и рамковни спогодби за јавна набавка на работи**

**Очекуван почеток на постапката (месец)**

**Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)**

**Вид на постапка**

Изградба на канализација во населба Чардаклија

Февруари 2011

7.000.000,00

Отворена постапка

**Општина Штип согласно законската регулатива, може да изврши измени и дополнувања на Буџетот и Планот за јавните набавки за 2011 година и со тоа се отвора можност останатите приоритети од Белата листа, кои не се опфатени, да бидат дополнително опфатени и реализирани во 2011 година.**